СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.






# Во средно училиште во Тетово се однесувале силеџиски со новинар, ЗНМ реагира

Ж.Н.
Пред 2 месеци



*Училиште / илустрација / Фото: Мустаф Јонузи / Google Maps*

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) реагира на денешното попречување на вршење на работата на новинарот **Невриј Адеми** од порталот Тетова Сот, на кој непознато лице му ја одзело опремата и насилно го исфрлило од просториите на тетовско средно училиште од страна на непознато лице.

**Добиј ги најважните вести, бесплатно на Viber**

Според изјавите на колегата Адеми, денеска во просториите на тетовското средно училиште „7-ми Март", додека чекал да сними прилог со директорот на ова училиште, од страна на непознато лице му бил одземен мобилниот телефон и турнат микрофонот. Веднаш потоа истото лице користејќи груб речник, се обидел да го истурка новинарот надвор во училишниот двор.

> **„Еден човек излезе од канцеларијата на директорот на училиштето кој ми рече дека директорот не е на работа и дека бил многу зафатен со обврски. Јас му одговорив дека ќе го почекам тука и во тој момент човекот ме фати за рака за да ме избрка надвор, јас му реков да не ме допира. Тој продолжи да ме брка од училиштето и ми го зема телефонот и микрофонот од рака", изјави Адеми.**

Случајот е пријавен во Министерството за внатрешни работи, а ЗНМ ќе ја следи истрагата и ќе инсистира на одговорност од страна на лицето кое го спречило новинарот Адеми да ја врши својата работа. Ова е втор инцидент кој се случува годинава со новинарот Невриј Адеми, тој во првиот немил


ВИ ПРЕПОРАЧУВАМЕ

1 Синот на Марина Туцаковиќ пронајден мртов во Израел

2 ВИДЕО ИНТЕРВЈУ | Проф. Минов: Нема оправдување за грешките во учебникот, тие се комбинација од незнање, површност и неодговорност

3 Леукемија – шест најчести симптоми на подмолната болест од која почина и Синиша Михајловиќ

4 Која е вистината на „армијата Z" што Путин на секој начин се обидува да ја скрие?

5 Трајанов бара реизбор на сите судии

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ ВЕСТИ

ОД АВТОРИТЕ НА СЛОБОДЕН ПЕЧАТ